Врз основа на член 20, став 1, алинеја 3 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" 63/2007), Советот за развој на Пелагонискиот плански регион на седницата одржана на ден 14.07.2011 година донесе:

# ГОДИШЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2012 ГОДИНА

**за имплементација на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион 2010 – 2015 од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион**




**јули, 2011 година**
**Битола**

## Вовед

Потребата за планирање на годишно ниво се наметнува заради остварување на развојните цели согласно стратешките документи за регионална развојна политика на Република Македонија.

Во суштина, регионалниот развој е холистички процес во којшто различни регионални групи на интерес партиципираат во дефинирањето, одлучувањето и имплементацијата на развојни цели за тековните генерации, заради намалување на диспаритетите во развојот помеѓу и во рамките на планските региони, без да го нарушат капацитетот за економско инвестирање на идните генерации, ниту пак нивниот социјален и еколошки капитал.

Стратешката рамка за рамномерен и одржлив развој на националната економија и општеството во целина ја чинат Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" број 63/07) заедно со регулативата во неколку други сектори, Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за периодот 2009 - 2019 ("Службен весник на РМ" број 119/09) и Акциониот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој за периодот 2010 - 2012 ("Службен весник на РМ" број 62/10). Сето ова претставува појдовна основа за подготвока на Акциониот план за 2012 година за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион 2010 – 2015 година.

Целта на изготвувањето на овој Акционен план е да даде насока во развојниот пат на Пелагонискиот регион кон подобро разбирање на начинот на којшто се остварува одржливиот развој преку рефлектирање на потребите генерирани во визијата и заедничките приоритети на различните заинтересирани страни на локално, регионално и национално ниво.

## Правна рамка

Основата за подготовка на Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на планските региони е утврдена во член 13 од Законот за рамномерен регионален развој, кој предвидува донесување на годишни Акциони планови за спроведување на Програмата.

Самата содржина на Акциониот план е уредена со Правилникот за Методологија за изработка на планските документи за регионалниот развој. Во членот 24 на оваа Методологија се дефинирани следните содржини на Акциониот план:

- Стратешки цели;
- Приоритети во рамките на стратешки цели;
- Мерки за имплементација на секој приоритет;
- Индикатори за следење на имплементацијата на секоја мерка;
- Надлежни институции за спроведување на мерките
- Висина на трошоците и извори на финансирање на регионалниот развој

Процесот за изработка на Акциониот план е координиран од страна на тимот на Центарот за развој на Пелагонискиот пласнки регион, како институција којашто учествува во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој.

**Стратешки цели, приоритети и мерки за спроведување на приоритетите на регионалниот развој на Пелагонискиот регион за 2012 година**

Програмата за развој на Пелагонискиот регион е базирана на основниот концепт на политиката на регионален развој: развивање и имплементација на полицентричен модел на развој, а поаѓа од насоките за развој на регионот опишани во Националната Стратегија, како и од развојните цели и приоритети на составните општини. Во склад со Законот, оваа Програма има за цел да обезбеди:

- економски развој на регионот преку намалување на диспаритетите во рамките на регионот, како и во однос на останатите плански региони,
- социјален просперитет врз основа на подигнување на квалитетот на живот на граѓаните;
- зголемување на конкурентноста на Пелагонискиот регион и негово меѓународно позиционирање преку оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености;
- зачувување и развивање на посебниот идентитет на Пелагонискиот регион, како и негова афирмација и развој;
- развој на подрачјата со специфични развојни потреби и ревитализација на селата, и
- поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа и регионот во функција на поттикнување на рамномерен регионален развој.

При изработката на Програмата за развој на ППР 2010 – 2015 беше утврдена развојната визија :

***Да бидеме регион со брендирана автентичност, со висок квалитет на живеење, перспективна иднина за нашите жители, економски раст и одржлив развој по европски критериуми.***

Врз основа на SWOT анализата и утврдената визија, остварувањето на среднорочните цели на развојот и зацртаната крајна цел (визијата) – регионот да биде добро инфраструктурно развиен и поврзан, со обезбедени услови за економски развој, социјална кохезија и заштита на животната средина што ќе резултира со подобар квалитет на живеење на граѓаните, е прикажано во Табела 1.

Табела 1

| Среднорочни цели | Приоритети |
|---|---|
| **Подобра меѓусебна и меѓународна поврзаност на општините во регионот преку планирање и изградба на современа инфраструктура** | Подобрување на квалитетот на живеење преку подобрување на комуналната инфраструктура |
| | Подобрување на комуникацијата, квалитетот на животот и зголемување на економската размена преку надградба на постоечката и изградба на нова транспортна, железничка и аеродромска инфраструктура |
| | Создавање услови за развој и привлекување на инвеститори преку подоготвка на урбанистичко-планска и техничка документација |
| | Инфраструктурен развој на Подрачјата со специфични развојни потреби |
| **Подобрена животна средина преку намалување на загадувањето, отстранување на** | Зголемување на енергетската ефикасност преку создавање на (едукативни) услови за примена на модерни технолошки решенија |
| | Намалување на трошењето на конвенционалните горива |

| | |
|---|---|
| **последиците од него, како и зголемување на енергетската ефикасност** | со искористување на обновливите извори на енергија |
| **Повисок квалитет на живот и поголема социјална кохезија во регионот, преку континуирано вложување во развојот на човечките ресурси** | Промовирање на регионалниот идентитет преку заеднички иницијативи за развој на културата и спортот |
| | Подобрување на квалитетот на човековите ресурси во регионот |
| **Поттикнување на локалниот економски развој на Пелагонискиот регион** | Информатичка технологија |
| | Туризам, спорт и рекреација |
| | Развој на малите и средни претпријатија и претприемништвото |
| | Поддршка на економскиот развој со мерки на ниво на Пелагонискиот регион во целина |

Со мерките предвидени со оваа Програма ќе искористат силните страни како основа за реализација на можностите за развој кои стојат на располагање на регионот, со едновремен обид за надминување на слабостите и амортизација на заканите како пречка за развојот на регионот.
Инструментите за поддршка на развојот (национални и меѓународни) во 2012 година ќе бидат искористени за постигнување на одржлив развој, преку подобрување и унапредување на инфрастурните услови, заштита на животната средина, подобрување на условите за развој на претприемништвото, инвестирање во човечките капацитети, зголемување на искористеноста на природните ресурси во регионот во насока на зголемување на енергетската ефикасност, развој на регионални културни иницијативи, меѓународна соработка и преку потесно поврзување на стејкхолдерите во регионот во сите релеванти области за развој на регионот.

Акциониот план за имплементација за стратешките цели и приоритети на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион за 2012 година дава преглед на мерките и активностите коишто Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион планира да ги оствари согласно ресурсите што ги поседува и финансиските средства неопходни за имплементација на поединечните активности, во согласност со насоките дадени од страна на носителите на одлуките за рамномерен регионален развој на регионално и национално ниво. Сето тоа ќе биде следено преку конкретни индикатори за изведба коишто ќе произлегуваат од адекватни извори на информации за нивна верификација.

Предложените индикатори за следење на спроведувањето на мерките во рамките на приоритетите од Програмата за развој на Пелагонискиот регион се прикажани подолу.

**Табела 2 –ПРОГРАМАТА 2010-2015**

| Приоритети | *Мерки* | Индикатори |
|---|---|---|
| 1.1 Подобрување на квалитетот на живеење преку подобрување на комуналната инфраструктура | *Подготовка на техничка документација за Проекти за комунална инфраструктура (водоводни и хидрантски системи и нивни поединечни елементи, канализации, пречистителни станици, улично осветлување,* | • Број на подготвени основни проекти (за секоја категорија посебно)<br>• Број на подготвени Главни проекти (за секоја категорија посебно) |

| | | |
|---|---|---|
| | *топловоди, речни корита и други објекти од комунален карактер) и нејзина ревизија* | • Број на опфатени населени места<br>• Должина на цевководи (м)<br>• Број и големина на резервоари (м3)<br>• Број на корисници<br>• Опфатена површина со системите<br>• Должина на системите<br>• Број на изградени миниакумулации<br>• Број на изградени хидрантски системи |
| | *Надградба на постоечки и изградба на нови системи за водоснабдување* | |
| | *Оптимизација на системите за давање на комуналните (општинските) услуги* | |
| | *Изведба на регионална хидрантска мрежа* | |
| 1.2 Подобрување на комуникацијата и зголемување на економската размена преку надградба на постоечката и изградба на нова инфраструктура | *Подготовка на техничка документација – Проекти за регионална и локална и регионална инфраструктура (патишта, мостови, улици, железница, аеродроми, противпожарни објекти, гранични премини и друго во и надвор од населени места од значење за регионот)* | • Број на подготвени основни проекти (за секоја категорија посебно)<br>• Број на подготвени Главни проекти (за секоја категорија посебно)<br>• Број на подготвени апликации за ЕУ проекти<br>• Должина на изградени локални и регионални патишта<br>• Должина на реконструирани локални и регионални патишта<br>• Должина на изградени локални улици<br>• Должина на реконструирани локални улица<br>• Број на поставени автобуски постојки, свртувалишта итн.<br>• Број на изградени/надградени мостови<br>• Должина на изградени/надградени мостови<br>• Број на изградени паркиралишта<br>• Површина на изградени паркиралишта<br>• Број на изработени сообраќајни студии<br>• Број на изградени противпожарни објекти<br>• Број на реконструирани противпожарни објекти<br>• Број на опремени противпожарни објекти |
| | *Изградба на нови и реконструкција на постоечки локални и и регионални патишта, улици во населени места од значење за регионот и мостови* | |
| | *Надградба на постоечките и поставување (изградба) на нови пратечки содржини на патната инфраструктура* | |
| | *Изградба, реконструкција, доопремување и проширување на противпожарни објекти* | |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3 Создавање на услови за развој и привлекување на инвеститори преку подоготвка на урбанистичко-планска и техничка документација | *Изработка на урбанистичко планска документација и нејзина ревизија*<br><br>*Изработка на развојна и проектна документација како основа за создавање на услови за забрзан економскиот раст и нејзина ревизија* | • Број на подготвени ГУП<br>• Број на подготвени ДУП<br>• Број на подготвена планска документација за комунална инфраструктура<br>• Број на ажурирани геодетски подлоги, нумерички податоци и картирање<br>• Број на изработена урбанистичко-планска документација<br>• Број на изработена локална урбанистичко-планска документација за посебни потреби во и вон населени места<br>• Број на изработена специјална урбанистичко планска документација за определени зони<br>• Број на подготвени и/или надградени развојни студии |
| 1.4 Инфраструктурен развој на Подрачјата со специфични развојни потреби (подготвка на документација и реализација на проекти во сите инфраструктурни области) | *Изработка на техничка документација за спроведување на инфраструктурни проекти*<br><br>*Изградба на нова и надградба на постоечката инфраструктура во областите со специфични развојни потреебе во регионот* | • Број на подготвени идејни проекти (за секоја категорија посебно)<br>• Број на подготвени основни проекти (за секоја категорија посебно)<br>• Број на подготвени апликации за ЕУ проекти<br>• Должина на изградени локални патишта и улици<br>• Должина на реконструирани локални патишта и улици<br>• Број на изградени/надградени мостови<br>• Должина на изградени/надградени мостови<br>• Број на изградени паркиралишта<br>• Површина на изградени паркиралишта<br>• Број на изработени сообраќајни студии<br>• Број на опфатени населени места со водовод<br>• Број на опфатени населени места со канализација<br>• Должина на цевководи (м)<br>• Број и големина на резервоари (м3)<br>• Број на корисници |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Опфатена површина со системите<br>• Должина на системите |
| 2.1 Унапредување на животната средина преку интегрирано управување со загадувањето (почва, воздух, вода) | *Подготовка на техничка документација за проекти од областа на заштитата на животната средина (канализации, пречистителни станици, заштита на воздухот, почвата и водите)* | • Изработени идејни проекти<br>• Изработени основни проекти<br>• Изградена депонија за цврст отпад<br>• Број на поставени претоварни станици<br>• Број на подготвени општински планови за управување со отпад<br>• Количина на набавена опрема за општинските јкп<br>• Број на отстранети диви депонии<br>• Површина на отстранети диви депонии<br>• Број на рекултивирани диви депонии<br>• Количина на пречистени гасови<br>• Број на опфатени населени места со канализации<br>• Број на опфатени населени места со пречистителни станици<br>• Должина на цевководи (м)<br>• Број на корисници<br>• Број на пречистителни станици<br>• Број на населени места опфатени со организиран систем за собирање на цврстиот отпад<br>• Број на едуцирани стејкхолдери за начините за намалување на загадувањето<br>• Изработени технички документации за регионална депонија<br>• Изградени регионални депонии<br>• Должина на колектори (м) |
| | *Интегрирано управување со цврстиот отпад* | |
| | *Намалување на загадувањето на воздухот и почвата во Пелагонискиот регион* | |
| | *Надградба на постоечки и изградба на нови системи за одведување и пречистување на отпадни води* | |
| | *Унапредување на животната средина во Подрачјата со специфични развојни потреби на територијата на општините на Пелагониски регион* | |
| | *Едукација за начините за намалување на загадувањето на воздухот и почвата во Пелагонискиот регион* | |
| | *Изработка на техничка документација за изградба на регионална депонија* | |
| | *Создавање правна рамка и изградба на регионална депонија* | |

| | | |
|---|---|---|
| 2.2 Зголемување на енергетската ефикасност преку создавање на (нормативни, едукативни, административни, финансиски, технички) услови за примена на модерни технолошки решенија | *Стиму лирање на примената на модерни технички решенија* | • Изработена студија за искористување на топлинската енергија од рек битола за греење<br>• Формирана база на податоци на загадувачи во региноот<br>• Формирана на база на податоци за проекти за заштита на животната средина<br>• Изработена стратегија за енергетска ефикасност на регионот<br>• Површина на заменета дограма во објектите во регионот<br>• Број на корисници на тола вода од рек<br>• Затоплена површина со топла вода од рек<br>• База на корисници на нови технологии<br>• Број на едуцирано население за користење на обновливи извори на енергија<br>• Изработена техничка документација за капацитети за поизводство на енергија од обновливи извори |
| | *Користење на топлинска енергија од РЕК Битола* | |
| | *Едукација на населението и потенцијалните инвеститори за користење на обновливи извори на енергија* | |
| | *Изработка на техничка документација за изградба на капацитети за производство на енергија од обновливи извори* | |
| 2.3 Намалување на трошењето на конвенционалните горива со искористување на обновливите извори на енергија | *Искористување на биомасата, биогасот и биодизелот – како извори на енергија* | • Број на подготвени студии<br>• Број на изградени постројки за производство на енергија од организки отпад<br>• Број на инсталирани сончеви колектори<br>• Површина на инсталирани сончеви колектори<br>• % на застапеност на производство на електрична енергија од обновливи и алтернативни видови<br>• Број на јавни институции со инсталирани соларни панели<br>• Број на едуцирано население за за биомасата и биогасот како и за искористување на потенцијалите за производство на електрична енергија од соларна енергија |
| | *Едукација на населението за биомасата и биогасот како и за искористување на потенцијалите за производство на електрична енергија од соларна енергија* | |
| | *Искористување на потенцијалите за производство на електрична енергија од соларна енергија* | |

| | | |
|---|---|---|
| 3.1 Креирање на флексибилен и современ образовен систем, кој ќе произведува кадри согласно барањата на пазарот на труд и специфичните потреби на регионот | *Јакнење на просторните капацитети во образовните институции* | • Број на нови и реконструирани училишни објекти<br>• Анализа за потребите од стручно усовршување на наставниот кадар во училиштата и на вработените и менаџерскиот кадар во јавните институции<br>• Број на организирани настани за обука<br>• Број на учесници, што ги посетиле настаните за обука<br>• Број на развиени модули за обука<br>• Износ на потрошени средства за настаните за обука<br>• Изготвена студија за потребите на регионалниот пазар на труд<br>• Број на земјоделци што ги посетиле и завршиле програмите за професионализација<br>• Број на реализирани проекти за практична настава<br>• Број на ученици што посетиле практична настава<br>• Број на реализирани вработувања, како резултат на практичната настава<br>• Број на стопански субјетки, во кои се реализирала практичната настава<br>• Број на проекти за волонтирање<br>• Број на учесници во проектите за волонтирање<br>• Број на промотивни активности за значењето на центрите за ран детски развој<br>• Број на промотивни активности за промоција на неформалното образование и едукација<br>• Формиран центар за доживотно учење на возрасни<br>• Изработен регионален WEB портал за услугите кои ги даваат општините во регионот и подрачните единици на министерствата<br>• Број на посетители на WEB порталот |
| | *Воспоставување на систем за неформално образование и едукација* | |
| | *Континуирана едукација на вработените во јавната администрација* | |
| | *Создавање на услови за повисок квалитет на живот и поголема социјална кохезија во Подрачјата со специфични развојни потреби во регионот* | |

| | | |
|---|---|---|
| **3.2 Подигнување на нивото на социјална заштита на целото население, со посебен акцент на родовите прашања и ранливите групи во руралните средини** | ***Превенција од болестите на зависност и намалување на социо-патолошките појави*** | • Изработен акционен план за превенција од зависности (дрога, алкохол и др.)<br>• Број на отворени дневни центри за лечење на болестите на зависност<br>• Број на зависници кои се лечат во центрите<br>• Број на излекувани зависници<br>• Број на промотивни активности за охрабрување на пријавата на семејно насилство<br>• Број на мерки за промоција на предностите за живот во руралните средини<br>• Број на лица што се вратиле да живеат во руралните средини<br>• Подобрен квалитет на живот на младите и старите лица во руралните средини<br>• Број на реализирани настани за подигнување на свесноста за родова еднаквост во руралните средини<br>• Зајакната свеста за родова еднаквост во руралните средини<br>• Број на жени на раководни јавни функции во руралните средини<br>• Поднесена иницијатива за изградба и доделување на социјални станови<br>• Број на отворени народни кујни во регионот<br>• Број на лица, што ги користат услугите на народните кујни<br>• Изработени стратегии за родови прашања |
| | ***Интегрирање на родовите прашања во развојот на локалната и регионалната политика*** | |
| | ***Изработка на регионална и локални стратегии за родови прашања*** | |
| **3.3 Подобрување на квалитетот и достапноста на здравствените услуги преку модернизација и надградба на постоечките капацитети** | ***Јакнење на свеста за значењето на превенцијата од современи болести*** | • Број на здравствени организации поврзани во системот на е-здравство<br>• Број на промотивни активности за подигнување на свеста за здрав начин на исхрана<br>• Број на промотивни активности за промена на стилот на живот<br>• Број на едукативни работилници за подигнување на нивото на здравствената |

| | | |
|---|---|---|
| | *Подобрување на здравствената состојба на децата и жената* | култура на жената и децата<br>• Број на креирани модули за тренинг и едукација<br>• Број на лица што ги посетиле работилниците<br>• Број на отворени центри за климатска рехабилитација<br>• Број на лица што ги посетиле воздушните центри за рехабилитација |
| 3.4 Промовирање на регионалниот идентитет преку заеднички иницијативи за развој на културата и спортот | *Промоција на културно-историското наследство од регинот* | • Отворена регионална организација за промоција на културно-историското наследство<br>• Број на вработени лица во регионалната канцеларија<br>• Број на реализирани активности на регионалната канцеларија<br>• Изработено регионално лого<br>• Број на активности за промоција на регионалното лого<br>• Број на реконструирани и новоотворени културни и спортски објекти<br>• Формирана регионална лига за спортски натпревари во основните и средните училишта<br>• Број на спортови во кој е формирана лигата<br>• Број на клубови кои учествуваат во лига системот<br>• Број на одиграни натпревари во лига системот<br>• Број на организирани спортски манифестации од меѓународен карактер<br>• Број на учесници на манифестациите<br>• Број на посетители на манифестациите<br>• Број на новоизградени спортски училишни сали во руралните средини<br>• Број на нововработени |
| | *Подобрување на условите за култура и спорт во руралните средини* | |
| | *Организирање на спортски манифестации од регионален и меѓународен карактер* | |
| | *Унапредување и заштита на културно-историско наследство во регионот* | |
| | *Изработка на техничка документација и изградба на зоолошки градини* | |

| | | |
|---|---|---|
| | *Подготовка и спроведување на стратегиски документи и планови за развој на културата и спортот во регионот* | наставници по физичко воспитување<br>• Број на наместени подвижни библиотеки во руралните средини<br>• Број на издадени книги<br>• Број на формирани локални културни секции и дружини во руралните средини<br>• Број на организирани културни настани во руралните средини<br>• Број на учесници во културните настани во руралните средини<br>• Број на посетители на културните настани во руралните средини<br>• Изработена техничка документација за зоолошка градина |
| 4.3 Преработка на храна | *Зголемување на свеста помеѓу деловните субјекти и останатите учесници во ЛЕР за важноста на кластерот за преработка на храна во Пелагонискиот регион*<br>*Организирање на компаниите во групи за заедничка имплементација на стандарди (HACCP, ISO 9001:2008)*<br>*Лобирање до клучните компании за проширување на употребата на локални земјоделски производи*<br>*Организирање на фармерите за заедничко снабдување со суровини на преработувачите* | • Број на одржани средби со компаниите од овој сектор<br>• Број на присутни компании на средбите<br>• Формирани кластер на преработувачи на храна<br>• Број на компании вклучени во кластерот<br>• Број на компании со воведени системи за управување со квалитетот (ISO, HACCP)<br>• Број на фармери вклучени во договорите за заедничко снабдување на преработувачите |
| 4.4 Информатичка технологија (ИТ) | *Промовирање на специјализирани ИТ обуки според потребите на бизнис секторот*<br>*Истражување на пазарот за потребите за ИТ во другите сектори*<br>*Припрема на специјализирани ИТ пакети за фармерите*<br>*Развој и примена на специјализирана ИТ опрема (за земјоделието и другите сектори)* | • Подготвен пакет на услуги<br>• Број на продадени пакети на услуги<br>• Број на одржани едукативни настани<br>• Број на слушатели на едукативните настани<br>• Број на компании кои учествуваат во едукативните настани |
| 4.5 Индустрија за пакување, печатење и дизајн | *Промоција и поттикнување на лидерство за промоција на Пелагонија како центар за иновативност во индустријата за пакување, печатење и дизајн* | • Фромиран кластер во областа<br>• Надграден пакетот на обуки за компаниите<br>• Број на одржани едукативни настани |

| | | |
|---|---|---|
| | *Надоградба на капацитетите на клиентите за напредно планирање и програмирање на потребите за нивното производство, врз договорна основа врз реалните потреби за пакување*<br>*Изнаоѓање на нови пазари за оваа индустрија надвор од индустријата за преработка на храна (печатење и пакување)*<br>*Охрабрување на соработка со подизведувачи со малите локални компании кои имаат слободен капацитет* | • Број на случатели на едукативните настани<br>• Број на компании кои учествуваат во едукативните настани<br>• Број на промотивни настани<br>• Подготвени промотивни материјали<br>• Број на склучени поддоговори |
| 4.6 Туризам, спорт и рекреација | *Координација на соработката помеѓу учесниците во туристичкиот вредносен синџир*<br>*Мапирање на сите туристички атракции и инфраструктура*<br>*Дефинирање и промоција на туристички производи и изложување на саеми*<br>*Воспоставување на курсеви за развој на човечките ресурси во туристичката администрација и понуда на услуги во приватниот сектор*<br>*Обезбедување на субвенции за овозможување на домаќинствата во руралните средини да создадат сместувачки капацитети*<br>*Формирање регионален Центар за унапредување на туризмот*<br>*Креирање брендиран туристички производ*<br>*Подобрување на постојната и изградба на нова инфраструктура за сите форми на туризам, спорт и рекреација* | • Број на туристи во регионот<br>• Број на ноќевања во регинот<br>• Број на туристички компании кои учествуваат во активностите<br>• Подготвена мапа на туристички атракции и инфраструктура<br>• Дефиниран туристички производ на регионот<br>• Број на одржани едукативни настани<br>• Број на учесници во едукативните настани<br>• Број на финансиски поддржани домаќинства за развој на туризмот<br>• Формиран регионален Центар за унапредување на туризмот<br>• Број на брендирани туристички производи<br>• Број на реконструирани и ревитализирани објекти<br>• Број на новоизградени објекти |
| 4.7 Развој на малите и средни претпријатија и претприемништвото | *Создавање на поволен амбиент за иновативен развој на МСП*<br>*Подигнување на нивото на едукација и образование на човековите ресурси во МСП* | • Број на одржани саемски манифестации<br>• Број на посетители на саемските манифестации<br>• Број на учесници на саемските манифестации<br>• Број на доделени стипендии<br>• Број на спроведени регионални проекти<br>• Број на одржани обуки |

| | | |
|---|---|---|
| | *Промоција на Јавно-приватно партнерство* | • Број на учесници на обуките<br>• Број на воспоставени технолошки паркови/зони<br>• Број на компании лоцирани во технолошките паркови/зони<br>• Број на склучени и реализрани ЈПП |
| 4.8 Пелагониски регион во целина | *Брендирање на Пелагонискиот регион* | • Број на спроведени регионални проекти<br>• Зголемен обем на производство на мермер<br>• Зголемен обем на производство на тутун<br>• Број на брендирани прозиводи<br>• Количина на подготвени и печатени промотивни материјали<br>• Број на организирани регионални саемски изложби<br>• Подготвен план за брендирање<br>• Број на образовани млади фармери<br>• Број на одржани образвони настани |
| | *Поддршка на иницијативите за општински индустриски зони* | |
| | *Поддршка на индустријата за тутун* | |
| | *Поддршка на индустријата за мермер* | |
| | *Поддршка на пилот проект за ефикасно користење на енергијата во Општинската зграда на Прилеп* | |
| | *Координација на локалните учесници за пормоција на ЛЕР* | |
| | *Поддршка на ЛЕР одделенијата во Единиците за локална самоуправа* | |
| | *Поддршка на ИТ академија* | |
| | *Поддршка на регионална и општинска иницијатива за отпад* | |
| | *Поддршка на општинската шема за водоснабдителна мрежа* | |
| | *Поддршка на општинската шема за водоснабдителна мрежа* | |

**Надлежна институција за спроведување на мерките на регионалниот развој**

Законот за рамномерен регионален како носители на политиката за за регионален развој на Пелагонискиот плански регион ги дефинира следните: Владата на Република Македонија, Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Министерството за локална самоуправа, Советот за развој на Пелагонискиот плански регион, додека пак во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат и Бирото за регионален развој, Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион и Локалните самоуправи на општините во рамките на Пелагонискиот плански регион: Битола, Прилеп, Крушево, Ресен, Демир Хисар, Могила, Новаци, Кривогаштани и Долнени.

Советот за развој на Пелагонискиот плански регион (СРППР) е одговорен за креирање на развојната политика на планскиот регион, врз основа на креирање на стратешките документи за регионален развој, организирање и координација на активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој, координација на активностите на единиците на локална самоуправа, државните институции во рамките на регионот коишто дејствуваат во обласна на регионалниот равој и здруженијата на граѓани, како и промоција на прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заеднички интереси.

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) е основан од страна на единиците на локална самоуправа од Пелагонискиот плански регион со цел вршење на стручни работи од значење за регионалниот развој. ЦРППР ги изготвува планските документи и подготвува и имплементира проекти за развој на Пелагонискиот регион обезбедувајќи истовремено и стручна помош за едниниците на локална самоуправа при изготвување на нивните плански документи. За својата работа ЦРППР одговара пред СРППР.

Единиците на локална самоуправа се надлежни за обезбедување информации и ресурси за квалитетна подготовка и имплементација на регионалните проекти, а исто така и за ефективна реализација на локалните проекти, како и оние наменети за развој на подрачјата со специфични потреби и развој на селата.

Одржлив регионален развој се постигнува врз основа на целосна институционална координација за прудентно користење на финансиските средства врз основа на што се овозможува спроведување на развојните регионални програми, во овој случај, Програмата за развој на Пелагонискиот приоритетите и мерките за развој на Пелагонискиот плански регион. Оттука, со овој Акционен план се создава подлогата за ефикасно фунцкионирање на системот за поддршка на регионалниот развој на Пелагонискиот плански регион којшто вклучува елемнти на поттикнување на соработка со невладиниот и бизнис сектор, и претставува стратешка рамка за соработка со соодветните министерства, владини институции, донатори и другите заинтересирани страни за спроведување на политиката за регионален равзој.

**Индикативни финансиски табели за висината на трошоците и извори на финансирање на регионалниот развој**

Според **Фискалната стратегија** на Република Македонија за периодот **2010 - 2012 година**, донесена од Владата на Република Македонија основна цел, согласно со економската програма, е намалувањето на негативните последици од светската економска криза, како и забрзување на економскиот раст. Притоа, потребно е неколкугодишно последователно остварување на високи стапки на раст за граѓаните да почувствуваат позначајно зголемување на расположливиот доход и подобрување на нивниот животен стандард. Оттука, може да се очекува дека во наредните години, капиталните вложувања во регионалниот развој би имале споредливо ниво на раст како и домашниот прозивод.

**Табела 3**

| Извор на финансирање | 2010 | 2011 | 2012 | Вкупно (2010-2012) |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| *во милиони денари* | | | | |
| Министерство за локална самоуправа | 333,52 | 442,24 | 464,35 | 1240,11 |
| Останати министрества | 5974,33 | 6213,30 | 6523,32 | 18711,60 |
| Вкупно | 6307,85 | 6655,54 | 6988,32 | 19957,71 |

Буџетите на Програмите се за регионален развој се обезбедени од изворни средства на Буџетот на Република Македонија. Износите кои се на располагање на корисниците се прикажани во следната табела.

**Табела 4**

| Извор на финансирање | Намена | 2010 | 2011 | 2012 | Вкупно (2010-2012) |
|---|---|---|---|---|---|
| *во милиони денари* | | | | | |
| Министерство за локална самоуправа | Рамномерен регионален развој | 130,00 | 160,24 | 168,26 | 458,50 |
| Биро за регионален развој | Рамномерен одржлив регионален развој | 116,00 | 179,92 | 188,92 | 484,84 |
| Биро за регионален развој | Проект за еколошка заштита | 87,52 | 102,08 | 107,18 | 296,78 |
| Вкупно | 1240,11 | 333,52 | 442,24 | 464,35 | 1240,11 |

Покрај наведените средства за регионален развој, Буџетот на РМ за 2010 година, во буџетите на останатите линиски министерства, содржи средства кои во себе имаат регионална развојна компонента и се наменети за поддршка на регионалниот развој:

**Табела 5**

| Институција | 2010 | 2011 | 2012 | Вкупно (2010-2012) |
|---|---|---|---|---|
| Во милиони денари | | | | |
| Министерство за финансии | 442,29 | 459,98 | 482,98 | 1.385,25 |
| Министерство за економија | 590,00 | 613,6 | 644,28 | 1.874,88 |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 215,50 | 224,12 | 235,33 | 674,95 |
| Министерство за транспорт и врски | 4,616,60 | 1681,26 | 1.765,33 | 5.063,19 |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 770,62 | 801,44 | 841,52 | 2.413,58 |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 632,00 | 657,28 | 690,14 | 1.979,42 |
| Агенција за развој на земјоделство | 75,48 | 78,5 | 82,42 | 236,40 |
| Министерство за образование и наука | 628,89 | 654,05 | 686,75 | 1.969,68 |
| Агенција за млади и спорт | 471,00 | 489,84 | 514,33 | 1.475,17 |
| Министерство за здравство | 201,95 | 210,03 | 220,53 | 632,51 |
| Агенција за државни патишта | 330,00 | 343,2 | 360,36 | 1.033,56 |
| **Вкупно** | **5.974,33** | **6.213,30** | **6.523,97** | **18.711,60** |

За време на изготвувањето на Акцискиот план немаше соодветни информации за проектите што ќе бидат финансирани од страна на линиските министерства согласно Програмата за развој на Пелагонискиот регион, па оттука во овој Акционен план предвидени се средства со согласност со предвидениот процентуален износ на средства за Пелагонискиот плански регион. Со оглед на тоа што за Пелагонискиот плански регион предвидено е да добива 12.9% од вкупните расположиви средства коишто на годишно ниво ќе се издвојат од Буџетот на Република Македонија, индикативниот буџет за Пелагонискиот плански регион е даден во следната табела:

**Табела 6**

| Институција | 2010 | 2011 | 2012 | Вкупно (2010-2012) |
|---|---|---|---|---|
| Во милиони денари | | | | |
| Министерство за финансии | 442,29 | **59,34** | 482,98 | 1.385,25 |
| Министерство за економија | 590,00 | **79,15** | 644,28 | 1.874,88 |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 215,50 | **28,91** | 235,33 | 674,95 |
| Министерство за транспорт и врски | 4,616,60 | **216,9** | 1.765,33 | 5.063,19 |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 770,62 | **103,4** | 841,52 | 2.413,58 |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 632,00 | **84,79** | 690,14 | 1.979,42 |
| Агенција за развој на земјоделство | 75,48 | **10,13** | 82,42 | 236,40 |
| Министерство за образование и наука | 628,89 | **84,37** | 686,75 | 1.969,68 |
| Агенција за млади и спорт | 471,00 | **63,19** | 514,33 | 1.475,17 |
| Министерство за здравство | 201,95 | **27,09** | 220,53 | 632,51 |
| Агенција за државни патишта | 330,00 | **44,27** | 360,36 | 1.033,56 |
| **Вкупно** | **5.974,33** | **6.213,30** | **6.523,97** | **18.711,60** |

При реализација на овој Акционен план, се земаат предвид и средствата одобрени од страна на Европска комисија преку ИПА програмата.

Индикативниот буџет за ИПА програмата е прикажан врз основа на Одлуката на Европската Комисија (Comisson decision C(2007) 1853) од 30. април 2007 во однос на повеќегодишниот Индикативен плански документ – МИПД 2007 – 2009 (Multi-annual Indicative Planning Document (MIPD) 2007-2009) за Република Македонија. Значајно е тоа што средствата се прикажани според годините на одобрување, а ќе бидат употребени со временски јаз од две години, односно средствата одобрени во 2007 ќе бидат достапни во 2009 итн.

**Табела 7**

| Компонента | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| Во милиони евра | | | |
| Институционална изградба | 36,3 | 34,5 | 32,9 |
| Прекугранична соработка | 5,6 | 5,7 | 5,9 |
| Регионален развој | 29,4 | 35 | 39,4 |
| Развој на чевечки ресурси | 8,4 | 9,4 | 10,5 |
| Рурален развој | 12,5 | 14 | 16,9 |
| **Вкупно** | **92,2** | **98,6** | **105,6** |

Индикативниот буџет сите региони и еден претпоставен индикативен буџет за имплементација на Програмата за развој на ППР согласно овој Акционен план е даден во табелата подолу, при што временската рамка за имплементација на поодделните мерки е целата 2012 година. Овој индикативен буџет е изготвен на база на претпоставка за искористени средства согласно износите понудени од страна на претходно наведените извори (Буџетот на Република Македонија и ИПА програмата) иако согласно досегашното искуство овие износи речиси секогаш се значително пониски и редуцирани со ребалансот на националниот буџет.

**Табела 8**

| | ИНДИКАТОР | Вкупно за регионален развој | | | Вкупно за регионлен развој со 100% постигнување на проценетата искористеност на средствата за регионален развој | | | Вкупно можни средства за регионален развој на ППР (12,9% од средствата за регионале развој) | | | Вкупно можни средства за регионален развој на ППР со 100% постигнување на проценетата искористеност на средствата за регионален развој | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2011 | 2012 | 2010 | 2011 | 2012 | 2010 | 2011 | 2012 | 2010 | 2011 | 2012 |
| | | Во милиони денари | | | | | | | | | | |
| 1 | Алоцирани средства од буџетот на Р. Македонија кои ќе се реализираат преку МЛС | 451,08 | 473,64 | 266,816 | 383,418 | 426,276 | 31,73 | 56,244 | 61,0996 | 23,12918 | 47,5156 | 54,9896 |
| | Искористеност на средствата во проценти | 85 | 90 | 100 | 100 | 100 | 80 | 85 | 90 | 100 | 100 | 100 |
| 2. | Алоцирани средства од буџетот на Р. Македонија кои ќе се реализираат преку други министерства | 4395,26 | 4615,02 | 3584,6 | 3076,68 | 3692,02 | 770,7 | 566,9885 | 595,338 | 462,4134 | 396,8917 | 476,2706 |
| | Искористеност на средствата во проценти | 70 | 80 | 100 | 100 | 100 | 60 | 70 | 80 | 100 | 100 | 100 |
| 3. | Алоцирани средства од ИПА програматаа | 3267,19 | 3995,96 | 1207,71 | 1796,95 | 2397,58 | 311,6 | 421,4675 | 515,479 | 155,7946 | 231,8066 | 309,2878 |
| | Искористеност на средствата во проценти | 55 | 60 | 100 | 100 | 100 | 50 | 55 | 60 | 100 | 100 | 100 |

**Прилог 1:**

ГОДИШНА ЛИСТА НА ПРЕДЛОГ – ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2012 ГОДИНА

| |
|---|
| ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН |
| 1. Развој на заеднички план за заштита од пожар во прекуграничниот регион Пелагонија – Лерин. |
| 2. Поддршка на човечките ресурси и развој на “зелените” вештини за вработување. |
| 3. Развој на заеднички сертификат во делот на “ интелегентно планирање на туризмот”. |
| 4. Надминување на границите во прекуграничниот регион преку заедничка промоција на природното и културно богатство. |
| 5. Инвестирање во регионалната конкурентност. |
| 6. Изградба на хидратантна мрежа во Пелагонискиот регион |
| 7. Откривање на убавините на Пелагонија/ Објавување и печатење на туристичката мапа за Пелагонискиот регион |
| 8. 565.000 минути култура во Пелагонискиот регион |
| 9. Анализа на можностите за подобрување на енергетската ефикасност во јавните објекти во Пелагонискиот регион и анализа на можноста за зголемување на учеството на енергијата добиена од обновливи извори во вкупната потрошувачка на енергија во регионот |
| 10. Анализа на можностите за подобрување на поврзаноста помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на сила во Пелагонискиот Пелагонискиот регион |
| 11. Анализа на воспитно-образовните ресурси на сите нивоа на образование во Пелагонискиот регион |

| |
|---|
| 12. Подготовка на техничка документација за проекти за комунална инфраструктура во регионот |
| 13. Подготовка на физибилити студии од обласа на заштитата на животната средина |
| 14. Подготовка на физибилити студија за зголемување на енергетската ефикасност на јавните објекти во Пелагонискиот регион |
| 15. Подготовка на физибилити студија за зголемување на учеството на обновливите извори на енергија во вкупната потрошувачка на енергија во регионот |
| 16. Едукација на вработените и учениците во основните и средните училишта во регионот во однос на енергетската ефикасност и нејзиното значење во заштитата на животната средина |
| 17. Јакнење на капацитетите на носителите на политики и менаџерскиот кадар во основните и средните училишта во Пелагонискиот регион во однос на зголемување на енергетската ефикасност и нејзнината улога во заштитата на животната средина |
| 18. Студија за искористување на биомасата и биогасот како извори на енергија |
| 19. Подобрување на ефективноста на средното и високото образование и нивно доближување до потребите на пазарот на работна сила |
| 20. Јакнење на регионалниот идентитет преку унапредување и заштита на културно-историското наследство во регионот |
| 21. Развој на капацитетите на човековите ресурси за одржлив развој на регионот |
| 22. Создавање на советодавни пакети за поддршка и унапредување на примарното земјоделско производство преку конкурентните земјоделски производи на регионот |
| 23. Јакнење на капацитетите и мотивација на младите фармери во регионот |
| 24. Брендирање и промоција на конкурентите земјоделски производи во регионот |
| 25. Создавање на интегрирана туристичка понуда на регионот Пелагонија и нејзина промоција |

| |
|---|
| 26. Јакнење на капацитетите на релевантите чинители и носителите на политики во секторот туризам во Пелагонискиот регион |
| 27. Создавање на услови за забрзан развој на малите и средните претпријатија во Пелагонискиот регион |
| 28. Развој и имплементација на регионална стратегија за родови прашања |
| 29. Брендирање на регионот |
| 30. Јакнење на капацитетите на засегнатите страни за интернационализација и иновации преку трансфер на знаење и вмрежување на бизнис секторот од Пелагонискиот регион и бизнис секторот од таргетиран странски пазар |
| 31. Креирање на Стратегија за енергетика на Пелагонискиот регион. |
| 32. Имплементација на Едукативната програма за маркетинг и промоција на Зоолошката Градина во Битола. |

| Носител: Општина Битола |
|---|
| 31.Индустриска зона „Жабени“ – промоција и привлекување на инвеститори |
| 32.Резиденцијална населба „Златен рид“- промоција и привлекување на запродажба на парцели за комерцијални цели и за домување |
| 33.Пазар на големо - промоција и привлекување на инвеститор |
| 34.Туристичко рекреативен центар  Ниже Поле - промоција и привлекување на инвеститори |
| 35.Терени за голф - промоција и привлекување на инвеститори |
| 36.Топлификација – изработка на физибилити студија |

| |
|---|
| 37.Реновирање на ЗОО |
| Носител: Општина Демир Хисар |
| 38.Реконструкција на регионалниот пар Р-416 (Демир Хисар-Ропотово, делница с.Граиште-Кривогаштани) |
| 39. Изградба на фекална канализациона мрежа с.Единаковци |
| 40. Подготовка на општински план за управување со отпад |
| 41. Изработка на урбанистички план вон населено место за манастирски комплекс „Св. Илија“ Големо Илино и нејзина ревизија |
| 42. Подготовка на студија (проект) за енергетска ефикасност во делот на јавното осветлување во Пелагонискиот регион |
| 43. Подготовка на проект за стојалишта на регионалните патишта во Пелагонискиот регион |
| Носител: Општина Долнени |
| 44.Реализација на проект за заштита (физичка и биохемиска) на регионален природен извор Дебреште |
| 45.Изработка на проекто-техничка документација за меѓуопштински локален пат Заположани-Славеј (Долнени-Кривогаштани) |
| 46.Изработка на проекто-техничка документација и реализација на проект за изградба на регионален сточен пазар во н.м.Дебреште |
| 47. Изработка на проекто-техничка документација за меѓуопштински локален пат Вранче-Подвис (Долнени-Кривогаштани) |
| 48. Изработка на проекто-техничка документација и реализација на проект за осветлување на магистрална улица во н.м.Дебреште од РП 513 Прилеп-Кичево |
| 49.Изработка на проекто-техничка документација за поврзување на североусточен дел од општина Долнени на регионален водоводен систем Студенчица (Сарадиново-Браилово-Слепче-Црнилиште-Десово) |
| |

| Носител: Општина Кривогаштани |
| --- |
| 50. Изградба на покривна конструкција во зелен пазар во Кривогаштани-Прва фаза |
| 51. Санација на банкини на регионален пат Р512 на потег Кривогаштани-Воѓани |
| 52. Изработка на акционен план за енергетска ефикасност во јавните објекти и уличното осветлување за периодот 2012-2015. |
| 53. Промена на постоечките живини сијалици со енергетски ефикасни во неселените места во регионот |
| 54. Поставување на улично осветлување на регионалниот пат Р 516 на потегот низ населеното место Славеј |
| 55. Изработка на сообраќаен проект и поставување на сообраќајни знаци за означување на населено место на регионалните и локалните патишта. |
| 56. Изработка на урбанистичко планска и техничка документација за изградба на експлоатационен бунар во с. Славеј |
| 57.Доградба на канализациона мрежа во Кривогаштани-Изградба на Крак 9 |
| 58.Изработка на техничка документација за изградба на канализациона мрежа во с. Крушеани со решение за третманот на отпадните води |
| 59.Изработка на техничка документација за изградба на канализациона мрежа во с. Славеј |
| 60.Изработка на Основен проект за регулација на речно коритово Кривогаштани-Фаза 2 |
| 61.Регулација на на речно коритово Кривогаштани-Фаза 2 |
| 62.Изработка на Основен проект за уредување на Ул.МаршалТито во централното подрачје во Кривогаштани |
| |

| |
|---|
| Носител: Општина Крушево |
| 63.Изградба на локален пат м.в. Стопанство - с. Врбоец, |
| 64. Замена на постојни и поставување на нови стедливи сијалици по транзитна улица во Крусево, спортско-рекреативниот центар Гуменје и манатсирот Преобразение, |
| 65. Изработка на основен проект за канализациона мрежа и пречистителна станица за с. Бучин |
| 66. Изработка на основен проект за канализациона мрежа и пречистителна станица за с. Пресил, |
| 67. Изработка на основен проект за канализациона мрежа и пречистителна станица за с. Св.митрани – Милосево, |
| 68. Изработка на основен проект за канализациона мрежа и пречистителна станица за с. Алданци, |
| 69. Изработка на основен проект за канализациона мрежа и пречистителна станица за с. Норово |
| 70. Изработка на основен проект за канализациона мрежа и пречистителна станица за с. Саздево |
| 71. Изработка на основен проект за канализациона мрежа и пречистителна станица за с. Јакреново |
| 72. Изработка на основен проект за канализациона мрежа и пречистителна станица за с. Борино |
| Носител: Општина Могила |
| 73. Изработка на техничка планска документација за прилкучок на регионалниот градски водовод Битола на селата Д.Српци, Беранци и Вашарејца и приклучок на Индустриската Зона Петилеп |
| 74. Изработка на нов ЛУПД за Индустриска Зона Петилеп, Општина Могила |
| 75. Основен Проект за Заштитни тротоари и регулација на атмосферски води во с.Могила, |
| 76.Реконструкција на улица А- Широка во с Могила |
| 77.Основен проект за линиска инфраструктурна градба Дополнување на главен проект за фекални и атмосферски отпадни води во с Могила. |

| |
|---|
| |

| |
|---|
| Носител: Општина Новаци |
| 78.Изработка на техничка документација за Реконструкција на Регионален пат Р-120 од врска Р-509 Новаци до врска М-5 Тополчани. Во овој проект би биле вклучени општините Новаци, Могила и Прилеп |
| 79.Изработка на студија за алтернативно наводнување на Пелагонија (надвор од системот Стрежево) |
| 80.Проект за техничка вода за с.Бач |
| 81.Изработка на Проект за Регионален пат Р-511 (Рапеш-Старавина) |
| 82.Реконструкција на Регионален водовод во с. Градешница |
| 83.Прочистителна станица за канализација во с/Новаци |
| 84.Изградба на водовод во с. Арматуш |
| 85.Изградба на Регионален водоснабдителен систем во с. Живојно, Брод и Добровени |
| 86.Реконструкција на водовод во с. Горно и Долно Агларци, Далбеговци |
| 87.Изградба на канализација во с. Бач |
| 88.Изградба на канализација во с. Гермијан |

| |
|---|
| 89.Изградба  на канализација во с. Добромири |
| 90.Реконструкција на заштитна брана во Рапеш |
| 91.Монтажна брана во с.Рибарци и Новаци |
| 92.Изработка на урбанистичка документација за с.Рирарци, Добромири, Бач и Гермијан |
| 93.Изградба на повеќенаменско игралишта во Новаци и Г.Агларци |
| 94.Проект за наводнување –одводнување во Пелагонија |
| 95.Изградба на пешачка патека во Г.Агларци |
| 96.Изградба  на  вертикална сообраќајна сигнализација на Р-509 во с.Новаци |
| 97.Изградба на локални патишта и улици на територијата на општина Новаци |
| 98.Реконструкција  на локални пат во с.Брод-Р-510,Изградба на пат Мегленци–Арматуш,Изградба на локален пат с. Зовиќ |
| 99.Партерно уредување во сДобромири и Гермијан |
| 100.Проект за енергетска ефикасност во уличното осветлување во општина Новаци-реконструкција на улично осветлување |
| 101.Реализација на Проект за наводнување во с.Гермијан (Елешка река) |
| 102.Изградба на тротоари на Р-509 во с.Новаци |
| 103.Изградба на на локален пат Рибарци-Гнеотино |

| |
|---|
| 104.Изработка на техничка документација и изградба на Р-431 (Брод Гнеотино) |
| Носител: Општина Прилеп |
| 105. Адаптација и пренамена на простор и опремување на кино сала во ЦК „Марко Цепенков“ во Прилеп. |
| 106. Изградба на ботаничка градина во Прилеп. |
| 107. Изведба на осветлување на клучките на магистралниот пат Прилеп – Битола (М5), и тоа на влез во Прилеп од Плетвар (бензинска пумпа на Лук Оил), клучка на влез од Битола (бензинска пумпа „Салида“) и кај с. Ново Лагово. |
| 108. Изведба на осветлување на влезовите во Прилеп од регионалните патишта од Крушево (преку Кривогаштани) и од Македонски Брод (преку Долнени). |
| 109. Осовременување на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација на сите влезови во Прилеп и клучките на магистрален пат Прилеп – Битола (М5) кај с. Ново Лагово и с. Тополчани, како и низ градот Прилеп. |
| 110. Унапредување, заштита и промоција на културно-историското и архитектонско наследство на Мариово (Општина Прилеп – Општина Новаци). |
| 111. Изградба на локален пат со кој ќе се изврши поврзувањеод регионален пат Р 526 (над вештачко езеро Прилеп) до локалниот пат за с. Ореовец (во должина од околу 5км). |
| 112. Проект за енергетска ефикасност во регионот (поставување на соларни колектори на неколку градинки во регионот, или во неколку општини да се избере по еден јавен објект и да се реконструира со користење на мерки за енергетска ефикасност). |
| 113. Изработка на проектно-техничка документација за регулација на дел од коритото на Градска Река. |
| 114. Изработка на главен проект за изградба на микроакомулација за прибирање на дождовните води во регионот на с. Дабница и систем за наводнување. |
| 115. УПВНМ за рекреативен комплекс Вештачко езеро – Прилеп. |
| 116. Изработка на проект за заштита и конзервација на локалитет „Локви“, с. Големо Коњари – природен резерват. |

| |
|---|
| 117. Изработка на проектно-техничка документација за локален пат од с. Канатларци (Општина Прилеп) до с. Добрушево (Општина Могила) во должина од 5 км. |
| ОПШТИНА РЕСЕН |
| 118.Изведба на осветлување на клучката Макази |
| 119.Изведба на планински патеки за поврзување на манастирите на Баба Планина |
| 120.Уредување на плажите на Преспанското Езеро во функција на подобрување на општото здравје на населението од Пелагонискиот Регион преку одмор и рекреација |
| 121.Изработка на техничка документација за оплеменување на Германската  чешма на патот Битола-Ресен |
| 122.Оплеменување на просторот околу црквата “Св. Богородица” на Ѓавато |
| 123.Замена на сијаличните места со енергетско ефикасни сијалици на градските плоштади во Ресен и Битола |
| 124.Студија и техничка документација за унапредување на животната средина кај езерцата на Пелистер и изградба на парк со посматрачница |
| 125.Надградба на хоризонтална сообраќајна сигнализација на патните правци Битола-Ресен |
| 126.Надградба на туристичка сигнализација на патните правци Битола-Ресен |
| 127.Техничка документација за изведба на водовод и канализација за индустриската зона Макази за дистрибутивниот центар |
| 128.Социјална кохезија на маргинализирани групи преку поддршка за сопствен бизнис за искористување на биомасата за добивање |

| |
|---|
| на енергија во општините Ресен и Битола |
| 129.Студија за оптимално искористување на сончевата светлина и техничка документација за воведување на соларна енергија во ОУ-та, институции во Битола и Ресен |
| 130.Поврзување на туристичките пакети меѓу Ресен и Битола |
| 131.Формирање на кластер за туризам и занаетчиство |
| 132.Саем на МСП од Битола и Ресен |
| 133.Промоција на земјоделски производи преку брошури, веб страна од Пелагонискиот плански регион |
| 134.Студија за пазар на земјоделски производи од Ресен и Битола |
| 135.Ревизија на веќе постоечката техничка документација за инфраструктурни проекти во општините Битола и Ресен |

**Владимир Талески**

________________________________

**Претседател на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион**